Командитно друштво со акции за транспорт
ОИЛКО КДА
Бр. 0302-493/1
28.03.2024 год.
СКОПЈЕ 1

Во врска со Понудата за преземање на обични акции со право на глас издадени од МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје (Макпетрол АД Скопје) со седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр.4, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија, ОИЛКО КДА Скопје, со седиште на ул.10 бр.152 Миладиновци - Илинден, со ЕМБС 6178774 (во понатамошниот текст „Преземачот"), согласно член 47 од Законот за преземање на акционерски друштва (Службен весник на РСМ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), го објавува следното:

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИСХОДОТ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**
(објавена во дневниот весник "Слободен печат" и во Службен весник на Р. Северна Македонија бр.44 на ден 22.02.2024 година) и **Измената на Понудата за преземање**
(објавена во дневниот весник "Слободен печат" и во Службен весник на Р. Северна Македонија бр.55 на ден 06.03.2024 година)

1. Понудата за преземање беше прифатена од **63 ( шеесет и тројца)** сопственици на акции со право на глас, кои поседуваат вкупно **2.258** обични акции, односно **2,01%** од сите акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје.

2. Понудата за преземање се однесува на сите 72.644 обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје со ИСИН број: MKMPTS101014, освен на сопствените акции кои ги поседува друштвото, а кои изнесуваат 11.238 обични сопствени акции и 28.500 обични акции со право на глас кои се во сопственост на ОИЛКО КДА Скопје и физичките лица кои дејствуваат заеднички со него.

3. Во изменетата Понудата за преземање прагот на успешност, односно најмала количина на обични акции со право на глас, на кои се однесуваше понудата за преземање, која требаше да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, беше определен на 100 обични акции со право на глас, што претставува 0,09% од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје.

   Условот беше исполнет на 06.03.2024 година и објавен во дневниот весник "Слободен печат" и Службен весник на Р. Северна Македонија бр.56 на ден 07.03.2024 година. Рокот за прифаќање на понудата заврши на 27.03.2024 година.

Според ова, Понудата за преземање, на обични акции со право на глас издадени од Макпетрол АД Скопје, е успешна.

Скопје, 28.03.2024 година

**ОИЛКО КДА Скопје,**
застапувано од Дејан Левески,
управител

Командитно друштво со акции за транспорт ОИЛКО КДА 1 СКОПЈЕ